СЗПМ
СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА
UNION OF PENSIONERS ASSOCIATIONS OF MACEDONIA
Адреса : Бул. Кочо Рацин број 14 - Скопје – Реп.Македонија
Office: Bul. Koco Racin broj 14 – Skopje Rep.of Macedonia
www.szpm.org.mk administracija@szpm.org.mk kontakt@szpm.org.mk
Tel – Phone 3223 710 Fax 3128 390 P. fah – Po box 440

БРОЈ/NUMER 03-02/256
ДАТУМ/DATE 27.10.2025

До
Здружение на пензионери
___________________________

**Почитуван претседател,**

Ве известувам дека Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија и Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје, Стоматолошки Факултет, на ден 22.10.2025 година склучи **Меморандум** за соработка за унапредување на орално здравје кај пензионерите, членови на здруженијата на пензионери на подрачјето на град Скопје.Стоматолошките услуги може да ги користат и пензионери од други здруженија на пензионери, а патните трошоци ги покрива самиот пензионер.

Согласно **Меморандумот,** Стоматолошкиот факултет услугите ги врши бесплатно во период од октомври до јануари и од февруари до јуни, односно во периодот на изведување на практична работа.

**Почитуван претседател**, информирајте ги пензионерите во вашето ЗП (ограноци, пензионерски клубови и др) за можноста да користат бесплатни стоматолошки услуги.
Од досегашното согледување на соработката меѓу Сојузот и факултетот постои интерес и позитивно искуство од пензионери кои ги користеле услугите од давателот – Стоматолошки факултет.

Корисниците на пензија кои сакаат да извршат стоматалошки услуги можат да се јават на телефонскиот број 071/323 320 секој ден од 10 – 13 часот.
Со почит,

Сојуз на здружение на пензионери на Македонија
Претседател,
ср Станка Трајкова

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА СЗПМ СКОПЈЕ

**СЗПМ**

**Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија**
www.szpm.org.mk

Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 03-3151/1
22.10 2025 год.
СКОПЈЕ

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА
СЗПМ
Бр. 03-02/252
27.10 2025 год.
СКОПЈЕ

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

**ПОМЕЃУ**

**СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА**

**И**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ**

Склучен на ден 22.10.2025 година, помеѓу:

1. **Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија**, претставуван од страна на Станка Трајкова, во својство на Претседател; и

2.**Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје Стоматолошки факултет - Скопје**, претставувано од страна на проф. д-р Соња Апостолска, во својство на Декан,

во натамошниот текст како ("Договорни страни"),

со желба да ги регулираат взаемните односи за унапредување на оралното здравје кај граѓаните од третата доба преку превземање на куративни и превентивни мерки од страна на студентите на Факултетот под надзор на наставниот кадар на Факултетот, а во согласност со важечкото законодавство и интерните акти, се договорија за следното

## ЦЕЛИ НА МЕМОРАНДУМОТ

### Генерална цел
### Член 1

Носители на активностите за имплементација на овој меморандум се Стоматолошкиот факултет и Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија.

Да се обезбеди координација во делувањето помеѓу двете организации за реализација на програми од областа на лекување и превенирање на оралните заболувања кај граѓаните од третата доба.

### Специфични цели
### Член 2

1. Спроведување на стоматолошки интервенции

Реализирање на стоматолошки интервенции од страна на студентите на Стоматолошкиот факултет – Скопје за време на практичната настава а под наздор на

наставниот Кадар на Факултетот, по претходно известување за максималниот број на пациенти во текот на семестарот.

2. Здравствено – превентивна дејност

Реализирање на активности за превенција на оралните заболувања, пред сè во промоција на едукација за правилно одржување на оралната хигиена.

3. Промовирање на социјална одговорност

Реализирање на активности со цел студентите, по дипломирањето да имаат позитивен однос кон граѓаните од третата доба.

4.Остварувањето на точките 1, 2 и 3 на овој член се однесуваат на пензионерите од Здруженија на пензионери од градот Скопје, а стоматолошки услуги може да се обезбедат и на пензионери од други градови по предгодна најава при што патните трошоци паѓаат на товар на носителот на пензијата.

Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија во соработка со Здруженија на пенционери ќе обезбедат потребен број на пензионери во периодите утврдени во членот 3 на овој меморандум, а здруженијата на пензионери ќе достават податоци до Стоматолошкиот факултет – Скопје.

**Член 3**

Договорните страни преку реализација на активности што се од заеднички интерес, дефинирани во овој Меморандум ќе обезбедат:

- овожможување на бесплатни стоматолошки прегледи/интервенции за ѓраѓаните од третата доба во период од октомври до јануари и од февруари до јуни односно во периодите на изведување на практичната настава.
- навремена превенција од стоматолошки заболувања кај пензионерите;
- подигнување на јавната свест во насока на грижа за оралното здравје;
- помагање на институциите и организациите од јавен интерес;
- навремено идентификување и намалување на ранливоста;

**Член 4**

Стоматолошките прегледи и интервенциите кои ќе се реализираат од страна на студентите на Стоматолошкиот факултет – Скопје за време на практичната настава а под наздор на наставниот Кадар на Факултетот опфаќаат:

1. Услуги од областа на болести на устата и пародонтот (специјалистички преглед, дијагноза и терапија на орални заболувања, остранување на локални иритирачки фактори, чистење на забен камен и меки наслаги, совети за мотивација за правилно одржување на орална хигиена и киретажа на пародонтални џебови).
2. Услуги од областа на оралната хирургија (специјалистички преглед, вадење на заби и контролни прегледи)
3. Услуги од областа на болести на забите и ендодонтот (специјалистички преглед, прва помош при болка предизвикана од заб, лекување на кариозни лезии и третман на коренски канали и пломбирање).
4. Услуги од областа на стоматолошката протетика (специјалистички преглед, изработка на акрилатни тотални протези, изработка на акрилатни парцијални протези, репаратура (поправка) на протези и по проценка од докторот кај дел од пациентите ќе бидат изработени единечни фиксно-протетички надоместоци).

**Член 5**

Договорните страни, ќе обезбедат меѓусебна соработка, внатрешна поддршка и соработка со други институции и организации, заради:

- координираност во имплементацијата на активностите;

- заедничките реализирани активности од двете страни;
- меѓусебно информирање и известување.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 6

Овој Меморандум за соработка се склучува на **неопределено време.** Било каква промена на овој Меморандум, може да настане исклучиво во писмена форма со заемна согласност на двете Договорни страни.

### Член 7

Меморандумот влегува во сила со денот на потпишувањето.

### Член 8

Во случај на било каков спор при толкување или имплементација на одредбите на овој Меморандум, страните ќе пристапат кон меѓусебно решавање. Доколку било која од страните одлучи да го раскине Меморандумот за соработка, тоа мора да се направи со формално писмено известување до другата договорна страна, три месеци однапред, наведувајќи ја и причината.

### Член 9

Наведените специфични цели, дефинирани во член 2 од овој Меморандум може да се дополнуваат и специфицираат во зависност од интересот на договорните страни по пат на потпишување на анекс на меморандумот.

### Член 10

Овој меморандум е потпишан во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) за секоја договорена страна.

Универзитет „Св.Кирил и Методиј'' во Скопје
Стоматолошки факултет – Скопје

**ДЕКАН**
**Проф. д-р Соња Апостолска**

**Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Станка Трајкова**